Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT

Бр.Nr. 02-127/4

11.02.2025 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 5 став 3,4 и 5 од Законот за јавните претпријатија (Сл,.весник на Р.М. бр.38/96,9/97,40/03,49/06,22/07,83/09,97/10,6/12,119/13,41/14,138/14,25/15,61/15, 64/18,35/19,275/19,89/22,274/22 и 208/24 и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 11.02.2025 година ја донесе следнава:

# **О Д Л У К А**

**за усвојување на Тримесечен Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.10.2024 год. до 31.12.2024 год.**

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука е усвојување на Тримесечен Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.10.2024 год. до 31.12.2024 год.

Член 2

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до основачот и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 11.02.2025 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Игор Кралевски

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-127/4
11.02.2025 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu I Qytetit - Shkup

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ СО ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.10.2024-31.12.2024 ГОДИНА

# ВОВЕД

За период 01.10.2024-31.12.2024 година ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари позитивен финансиски резултат – добивка на износ 7.992.186,00 денари.

Приходите во четвртиот квартал од годината изнесуваат 75.910.628,00 денари. Расходите се на износ 67.918.442,00 денари.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ОКТОМВРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА

| **ПРИХОДИ – кл. 7** | **2024 година** | | **2023 година** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА** | 67.664.796,00 | | 57.193.392,00 |
| | | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК** | 7.784.745,00 | | 6.986.949,00 |
| | | | |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | 459.273,00 | | 501.432,00 |
| | | | |
| **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | 1.814,00 | | 461,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **75.910.628,00** | | **64.682.234,00** |
| **РАСХОДИ – кл.4** | **2024 година** | | **2023 година** |
| | | | |
| **ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | 3.557.429,00 | | 3.652.917,00 |
| | | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ** | 12.213.007,00 | | 20.326.156,00 |
| | | | |
| **ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ** | 46.569.877,00 | | 43.339.093,00 |
| | | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА** | 2.754.940,00 | | 2.824.292,00 |
| | | | |
| **ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 2.683.196,00 | | 2.137.287,00 |
| | | | |
| **ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ** | 111.930,00 | | 990,00 |
| | | | |
| **ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | 21.548,00 | | 13.731,00 |
| | | | |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | 6.515,00 | | 13.495,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **67.918.442,00** | | **72.307.961,00** |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| ***ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*** | ***2024 ГОДИНА*** | ***2023 ГОДИНА*** |
|---|---|---|
| | | |
| **Вкупно приходи** | **75.910.628,00** | **64.682.234,00** |
| **Вкупно расходи** | **67.918.442,00** | **72.307.961,00** |
| **Добивка / Загуба** | **7.992.186,00** | **-7.625.727,00** |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.10.2024 – 31.12.2024 година изнесуваат 75.910.628,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 67.664.796,00 ден.
- Сектор Пајак 7.784.745,00 ден.
- Останати приходи 459.273,00 ден.
- Финансиски приходи 1.814,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се приходи на износ 67.664.796,00 денари :

| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА** | **2024 година** | **2023 година** | **РАЗЛИКА** | **ИНДЕКС** |
|---|---|---|---|---|
| **1. затворени паркинзи** | 21.537.892,00 | 20.828.288,00 | 709.604,00 | 1,03 |
| **2.зонско паркирање** | 38.789.936,00 | 29.951.236,00 | 8.838.700,00 | 1,30 |
| **3.катна гаража-Беко** | 4.273.048,00 | 3.923.124,00 | 349.924,00 | 1,09 |
| **4.катна гаража-26-ти Јули** | 3.063.920,00 | 2.490.744,00 | 573.176,00 | 1,23 |
| **Вкупно приходи:** | **67.664.796,00** | **57.193.392,00** | **10.471.404,00** | **1,18** |

Во споредба со истиот квартал од минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени севкупно за 10.471.404,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 709.604,00 денари.

Кај зонското паркирање бележиме зголемување на приходите за 8.838.700,00 денари. Во рамките на зонските приходи бележиме пораст на приходите од смс , QR-код наплата , од претплати, продажба на греб картички и приходите од издавање на доплатни карти .

Катната гаража „Беко" има реализирано приходи во висина од 4.273.048,,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули" бележи приходи на износ од 3.063.920,00 денари. Во споредба со минатата година, приходите од стопанисување со катната гаража „Беко" се зголемени за 349.924,00 денари, додека кај катната гаража „26-ти Јули" приходите се зголемиле за 573.176,00 денари.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2024 година | 2023 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| 1. дневен промет | 7.780.084,00 | 6.981.017,00 | 799.067,00 | 1,11 |
| 2.фактурирана услуга | 4.661,00 | 5.932,00 | -1.271,00 | 0,79 |
| **Вкупно приходи :** | **7.784.745,00** | **6.986.949,00** | **797.796,00** | **1,11** |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 7.784.745,00 денари и е поголем во споредба со минатата година за 797.796,00 денари. Севкупно наплатени се 4.399 возила вклучително возилата подигнати од зонско паркирање . Во истиот период од минатата година, реализиран е приход на износ 6.986.949,00 денари .Минатата година бројот на наплатени возила во сектор пајак изнесувал 3.856 возила.

Работењето на сектор пајак е условено пред се од соработката со МВР кои ги издаваат налозите за подигање на непрописно паркираните возила со исклучок на возилата кои се подигаат од зонските паркиралишта.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2024 година | 2023 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| од отпишани побарувања и обврски | 12.740,00 | 15.900,00 | -3.160,00 | 0,80 |
| од субвенции дадени во опрема | 367.902,00 | 367.902,00 | 0,00 | 1,00 |
| од наплатени судски трошоци | 13.040,00 | 23.856,00 | -10.816,00 | 0,55 |
| од наплата на штети од осигурителна компанија | 0,00 | 45.157,00 | -45.157,00 | 0,00 |
| др.надомест,вонред.приходи, минати години | 65.591,00 | 48.617,00 | 16.974,00 | 1,35 |
| **Вкупно приходи :** | **459.273,00** | **501.432,00** | **-42.159,00** | **0,92** |

Во групата останати приходи која изнесува 459.273,00 денари спаѓаат приходи од наплата на тужени побарувања, приходи од субвенции, донации, приходи од наплата на штети, од наплата на судски трошоци,вонредни приходи , приоди од минати години итн.

Во рамките на оваа група приходи во четвртиот квартал ги бележиме следните :

Приходи од отпишани побарувања и обврски 12.740,00 денари; приходи од субвенции во опрема на износ 367.902,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди;

приходи од судски трошоци 13.040,00 денари и приходи од други надоместоци по спогодба за оштетени блокатори 21.500,00 , за украдени блокатори 5.600,00 денари како и вонредни непредвидени приходи на износ 38.491,00 денари кои во најголем дел произлегуваат од усогласување на промет , казни на вработени и сл.

### *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камати и слично. За периодот бележиме приходи на износ 1.814,00 денари.

# *РАСХОДИ*

Расходите за период 01.10.2024-31.12.2024 се на износ 67.918.442,00 денари.

### *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| опис | 2024 година | 2023 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење** | 183.541,00 | 165.954,00 | 17.587,00 | 1,11 |
| **Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички** | 571.405,00 | 819.299,00 | -247.894,00 | 0,70 |
| **ел.енергија,парно** | 1.732.055,00 | 1.354.130,00 | 377.925,00 | 1,28 |
| **гориво и масло за подмачкување** | 961.964,00 | 1.047.638,00 | -85.674,00 | 0,92 |
| **Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема** | 108.464,00 | 265.896,00 | -157.432,00 | 0,41 |
| **вкупно:** | **3.557.429,00** | **3.652.917,00** | **-95.488,00** | **0,97** |

Материјалните трошоци изнесуваат 3.557.429,00 денари. Во оваа група трошоци се евидентирани трошоците за потрошни материјали и средства за чистење 183.541,00 ден.; канцелариски материјали , фискални и бар код ролни, чип и греб картички 571.405,00 ден.; трошоци за електрична енергија ,парно 1.732.055,00 ден.; гориво 961.964,00 ден. , како и трошоците за ситен инвентар, ХТЗ опрема и авто гуми 108.464,00 ден.Од споредбените податоци може да се забележи различно движење кај секоја подгрупа на трошок.

Во групата одделни трошоите бележат пад други пак раст но во вкупен износ трошоците биле речиси на идентично ниво како и минатата година односно незначително се намалиле за 95.488,00 денари.

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| Опис | 2024 година | 2023 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Поштенски,телефонаки услуги и интернет** | 577.231,00 | 498.573,00 | 78.658,00 | 1,16 |
| **Материјални услуги за изработка-инфо табли** | 0,00 | 357.482,00 | -357.482,00 | 0,00 |
| **Услуги за тековно одржување** | 2.923.057,00 | 2.495.745,00 | 427.312,00 | 1,17 |
| **Тршоци за наем** | 842.359,00 | 1.099.802,00 | -257.443,00 | 0,77 |
| **Комунални услуги** | 1.692.027,00 | 1.805.106,00 | -113.079,00 | 0,94 |
| **Останати услуги** | 218.935,00 | 173.032,00 | 45.903,00 | 1,27 |
| **Останати непроизводствени услуги** | 5.959.398,00 | 4.611.251,00 | 1.348.147,00 | 1,29 |
| **Останати услуги - времени вработувања** | 0,00 | 9.285.165,00 | -9.285.165,00 | 0,00 |
| вкупно: | **12.213.007,00** | **20.326.156,00** | **-8.113.149,00** | **0,60** |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 12.213.007,00 денари односно, бележиме пад на трошоците во групата за 8.113.149,00 денари во споредба со 2023 година .

И во рамките на оваа група трошоци се забележува различно движење на трошоите меѓутоа генерално може да заклучиме дека во споредба со минатата бележиме пад заради тоа што изостанува трошокот за времени вработени .Од друга страна трошокот за одржување на системот за зонско паркирање секој квартал бележи пораст како резултат на реализација на поголем промет.

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| опис | 2024 година | 2023 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 42.944.694,00 | 40.480.708,00 | 2.463.986,00 | 1,06 |
| **Регрес за год.одмор-К15** | 3.306.584,00 | 2.788.861,00 | 517.723,00 | 1,19 |
| **отпремнина** | 163.844,00 | 0,00 | 163.844,00 | - |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 0,00 | 0,00 | 0,00 | - |
| **помош на вработени** | 154.755,00 | 69.524,00 | 85.231,00 | 2,23 |
| **вкупно:** | **46.569.877,00** | **43.339.093,00** | **3.230.784,00** | **1,07** |

Износот на трошоците за плати, надоместоци од плати и други трошоци на вработените изнесува 46.569.877,00 ден. и е поголем во споредба со минатата година за 3.230.784,00 денари.

Трошокот за плати изнесува 42.944.694,00 денари. Исплатен е регрес за 248 лица кои го исполнуваат правото за овој надоместок на износ од 3.306.584,00 денари . Регерсот се исплати во нето износ од 12.000,00 ден. односно 13.333,00 со вклучен данок на личен доход.По основ отпремнина за пензија евидентиран е трошок на износ од 163.844,00 денари за 2 лица. За помош на вработени евидентираме трошок на износ 154.755,00 денари и истиот се однесува за помош за лекување и помош за смрт на член на семејство за 4 вработени.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 2.754.940,00 денари и е помал во спредба со минатата година за 69.352,00 денари кога истиот изнесувал 2.824.292,00 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| ОПИС | 2024 година | 2023 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Дневници и патни трошоци | 124.764,00 | 0,00 | 124.764,00 | - |
| др.надоместоци на вработени,обуки исл. | 21.000,00 | 8.000,00 | 13.000,00 | 2,63 |
| надоместоци на управен и надзорен одбор | 430.268,00 | 466.671,00 | -36.403,00 | 0,92 |
| трошоци за спонзорство и донација | 0,00 | 30.000,00 | -30.000,00 | 0,00 |
| репрезентација | 65.125,00 | 166.042,00 | -100.917,00 | 0,39 |
| трошоци за осигурување | 5.863,00 | 4.420,00 | 1.443,00 | 1,33 |
| банкарски провизии | 262.800,00 | 200.418,00 | 62.382,00 | 1,31 |
| трош за ДДВ,членарини и адм.такси | 1.019.484,00 | 746.304,00 | 273.180,00 | 1,37 |
| трошоци за користење на права | 272.000,00 | 0,00 | 272.000,00 | - |
| останати трошои на работење | 481.892,00 | 515.432,00 | -33.540,00 | 0,93 |
| **вкупно:** | **2.683.196,00** | **2.137.287,00** | **545.909,00** | **1,26** |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 2.683.196,00 денари и истите се за 545.909,00 денари поголеми од минатата година.

Во групата спаѓаат следните трошоци: дневници и патни трошоци на износ 124.764,00 денари за службено патување на паркинг конеренција во Србија, надоместоци за вработените за обуки на износ 21.000,00 денари, надоместоци на органите на управување 430.268,00 денари, трошоци за донација, спонзорство не се евидентирани, за репрезентација 65.125,00 денари, трошоци за осигурување 5.863,00 денари, банкарски

провизии 262.800,00 денари, трошок за ДДВ административни такси и членарини 1.019.484,00 ден.; трошоци за користење на права (лиценци за компјутери ) 272.000,00 денари како и останати трошоци во вкупен износ од 481.892,00 денари од кои правно-адвокатски-нотарски услуги 341.838,00 денари;услуги за договор на дело 99.999,00 денари; огласување 28.535,00 денари и судски трошоци на износ 11.520,00нденари.

## *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Бележиме трошок на износ 111.930,00 ден за овој квартал каде е евидентирано тужење на побарување по основ на издадена доплатна карта од 2022 година.

## *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 21.548,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации .

## *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 6.515,00 денари кои се однесуваат на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски за комуналии .

## *ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА*

Во четвртиот квартал од годината односно во периодот 01.10.2024-31.12.2024 година вложено е во набавка на сообраќаен проект на износ 495.000,00 денари за потребите на проширување на зонското паркирање на територија на општина Аеродорм - сабзона Д12; Набавено е за потребите на одделението за одржување на хигиена една моторна коса – износ 32.730,00 денари како и моторна дувалка на износ 28.442,00 денари.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 31.12.2024 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 76.519.620,00 денари.

Во последното тромесечие евидентирани се побарувања од купувачи на износ 58.588.611,00 денари. Наплатата во истиот период изнесува 45.558.464,00 денари.

## *ОБВРСКИ*

Евидентирани се обврски кон добавувачи на износ 18.641.925,00 денари додека пак плаќања се извршени по обврски во вкупен износ од 20.065.943,00 денари.

Обврската за комунална такса за период м.10-12.2024 година изнесува 7.259.584,00 денари. Во последниот квартал од годината платена е обврска за комунална такса на износ 13.135.690,00 денари.

# ЗАКЛУЧОК

Во четвртиот квартал од годината претпријатието забележа позитивен финансиски резултат. Приходите од паркирање се зголемени како кај затворените јавни паркиралишта,картните гаражи како и кај зонското паркирање. Во овој квартал бележиме поголема реализација и кај сектор пајак. Трошоците се помали од минатата година. Се внимава на висината на трошоците што се нужни во тековното работење со цел заштеда секаде каде процесот на работа дозволува. Во претпријатието навремено се подмируваат тековните обврски како што се : обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн.

Оваа година треба да истакнеме дека Претпријатието оствари позитивни финансиски резултати во сите четири квартали од годината .

*ИЗРАБОТИЛ:*
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг- Скопје
в.д Директор,
Мартин Гаврилски